# Декларација на уметничките фестивали за интеркултурен дијалог

## Во се поголемата глобализација и мултикултурно општество, соочувањето со културните разлики е главен предизвик. Миграционите движења, како и успешното проширување на Европската Унија, овозможија постојан контакт и меѓусебна размена помеѓу европските народи.

Значењето на оваа појава, како и улогата на културата за европска интеграција, претставуваат аспекти кои повеќе не може да се игнорираат. Во овој нов општествен контекст, различните аспекти на културен идентитет на индивидуалните и локалните општества претставуваат предмет во постојан процес на обновување и ревизија. Фестивалите играат клучна улога во овој процес, бидејќи претставуваат идеална локација, каде во фестивалска атмосфера, различните културни текови и феномени се доближуваат до имирацијата и мултикултурните општества и наоѓаат идеална почва за слободно и мирно изразување.

Фестивалите секогаш претставувале моќни промотери на фундаменталните права за слобода во изразувањето, а со своите програми помагале и помагаат во зголемувањето на циркулацијата на идеи и луѓе, создавањето на помирен соживот и промоција на активно европско граѓанство.

Европските уметнички фестивали иницираат витален процес на циркулација, а воедно им даваат можност на различните културни текови на европската уметност и култура, што претставува значаен чекор кон развојот на интеркултурна активност. Со почитувњето и промовирањето на регионалните и националните вредности на локалните општества, клтурните и традиционалните вредности го истакнуваат европското наследство, преку промоција на култура со заедничка размена и преку почит за културните разлики. На хендикепираните лица, младите и малцинствата кои живеат во едно отворено и комплексно општество, како и на граѓаните со привремен престој во Европската Унија мора да им се овозможи активен пристап кон општеството.

Кутурните разлики, интеркултурниот дијалог и економското влијание на културите се на прво место на агендата на Европската Унија. Одлуката на Европската Унија да ја прогласи 2008 год. за Европска година на интеркултурен дијалог, е најнов чекор во долгогодишниот план, за создавање најповолна унија за европските народи, а воедно дава можност за активно учество на граѓаните во интеркултурниот дијалог, со цел да се зајакне соживотот помеѓу различните културни идентитети и верувања, да се истекне нивото наследство, и да се почитувтат и спознаат разликите помеѓу индивидуалното и локалното искуство.

## Фестивалите играат голема улога во трансформацијата на мултикултурното општество во интеркултурно и претставуваат стратегиски чекор во процесот на интеграција:

■ Пред се, **фестивалите допираат до широка публика**. Бројот на луѓето кои ги посетуваат фестивалите постојано расте, што покажува зголемен интерес за настаните организирани во рамките на фестивалите. Допирајќи до најголемиот дел од луѓето, промоцијата на интеркултурниот дијалог претставува важна цел, бидејќи не може да се дојде до интеркултурна интеракција ако луѓето немаат заедничка цел за да стапат во контакт.

■ Фестивалите им овозможуваат на **уметниците** од целиот свет развој на уметничко искуство, со тоа иницирајќи го процесот на меѓусебна рзмена на умтничките искуства помеѓу различни земји. Поточно кажано, програмите за „уметник во престој“ им овозможуваат на уметниците да творат и живеат во една друга средина и да го комбинираат своето искуство со локалното, создавајќи еден позитивен и просветлен пример за **интеграција**.

■ За разлика од останатите медиуми, публиката која посетува фестивалски настани е охрбрена да заземе активно учество во нив. Фествалите, замислени како отворени настани и моменти кои се делат и во кои учествуваат голем број луѓе, го подобруваат концептот за **партиципација** и промоција на **чувството за припадност**, бидејќи претставуваат израз на локалното општество, а во исто време опфаќаат интернационални и европски теми.

■ Фестивалите го зголемуваат **културниот туризам**. Секоја година милиони посетители доаѓаат на фестивали во различни региони или земји, стапувајќи во допир со нови и различни култури и запознавајќи се со стански традиции и историја.

■ Фестивалите се единствен **израз на локалното општество**. Тие имаат цврсти корени во локалната средина, но се често поврзани во национален или интернационален контекст. Фестивалите претставуваат предизвици за локалната традиција – ги препознаваат културните разлики – а воедно ги стимулираат иновациите и го почитуваат културното наследство.

■ Фестивалите играат голема улога во контекст на **образованието**, преку промоција на култура и мир, моделирајќи го разбирањето и почитта помеу различните групи луѓе. Дополнителните активности, големата уптреба на модерна технологија, активностите за младите, претставуваат корисни алатки за **да се допре до младината** и да се комуницира со неа, споделувајќи резлични вредности како што се почит за другите култури и вовед на едукативниот процес во полето на интеркултурна размена.

■ Достигнувањата и дополнителните активности овозможуваат лесен и отворен пристап до културните активности на фестивалите за секаква публика, привлекувајќи различни типови луѓе, со што се поттикнува процесот на социјална вклученост. Се повеќе фестивалски настани се одвиваат во друштвена атмосвера, на отворени сцени, кои се достапни за сите, вклучувајќи ги хендикепираните лица и етничките или културни малцинства.

## Фестивалите и другите членки потписници на оваа декларација се обврзани за:

■ Изградба на ефективен културен дијалог, со уверување дека ваквиот дијалог претставува основна алатка за мирна интеракција помеѓу различните култури, етнички групи, религии, јазици, верувања и социјална средина. Ваквата интеракција за возврат ќе бодри една почитувана и богата размена на идеи и ќе помогне во идентификацијата на границите кои ги дефинираат индивидуите и општествата.

■ Подигнување на свеста на уметниците, менаџерите, соработниците, волонтерите во однос на интеркултурниот дијалог сфатен како почитувана и слободна форма на размена помеѓу општествата и индивидуите, а воедно и промоција и одржување на културните разлики кои се неопходни за заштита на човековите права и демократијата.

■ Противејќи се на стереотипите, предрасудите, дискриминацијата и незнаењето за различните, странските или културите на малцинствата, обрзани се за промоцијата на интеркултурен дијалог во рамките на Еевропската година и во годините што доаѓаат, преку мобилизација на нивните колективни, креативни извори и подршка за учество, како врска помеѓу луѓето.

■ Ширење на документите и идеите на Европската година помеѓу широките маси луѓе, запознавање со лого, брошури и комуникативни и информативни материјали, кои се однесуваат на Европската година со цел промоција на идеите и целите на истата.

ARTS FESTIVALS'

Declaration on Intercultural Dialogue

AN INITIATIVE OF THE EUROPEAN FESTIVALS ASSOCIATION

European Year of Intercultural Dialogue 2008